Списанието за литература, уметност и култура „Стремеж“ има нов редакциски одбор

email **: stremez.spisanie@markocepenkov.org**

Кратки биографии на новиот редакциски одбор на списанието „Стремеж“

**Александар Војнески - главен и одговорен уредник**

Роден во Прилеп, 1983 година. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломира на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, на Катедра за општа и компаративна книжевност (2008/2009 година).

Во 2010 година бил надворешен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје во проектот за изработка на дигитална база на податоци од областа на културата и уметноста.

Бил соработник со издавачката куќа „Арс Ламина“ како хонорарен преведувач.

Работи како data curator во изработка на обемна база на податоци од областа на медицинските и фармацевтските (life sciences) иновации и истражувања за американската компанија Veeva Solutions.

Тековно е ангажиран како надворешен соработник за литературно-издавачка дејност во НУЦК „Марко Цепенков“ - Прилеп.

**Проф. д-р Владимир Мартиновски – уредник**

Роден во Скопје, 1974 година. Основно и средно образование завршил во Скопје, а дипломирал на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје (1997/1998 година) како најдобар студент на Филолошкиот факултет. Магистерски студии завршува на истиот факултет во 2001 година. Запишува докторски студи на Универзитетот Париз III – Sorbonne Nouvelle каде и докторира во 2007 година.

Работи како редовен професор на Катедра за Општа и компаративна книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, каде држи редовни предавања во сите три студиски циклуси.

Од 15.09.2023 година е актуелен декан на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје.

Како професор-гостин, одржал предавања на неколку универзитети во странство: Универзитет во Ајова, Корк Колеџ, ИНАЛКО во Париз, Масериков универзитет во Брно, како и на универзитетите во Љубљана, Марибор и Малта. Член е на Извршниот одбор на Меѓународната асоцијација за семиотика и на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност. Бил Претседател на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија, како и Потпретседател на Македонскиот ПЕН. Бил член на Извршниот комитет на Европската мрежа за компаратистички проучувања, на Управниот одбор на СВП, на Претседателството на ДПМ, надворешен член е на Советот на Институтот за македонска литература, како и член на националниот одбор за соработка со УНЕСКО. Во 2017 г. остварил студиски престој на Универзитетот во Ајова. Бил амбасадор на наградата за млади преведувачи „Вавилон” за 2021 г.

Бил учесник на голем број научни конференции во земјата и во странство. Учесник во научните проекти: „Балканска слика на светот“ (МАНУ/ПАН), „Книжевната компаратистика: состојби и перспективи“ (Институт за македонска литература); „Интерпретации: европски научно-истражувачки проект за поетика и херменевтика“ (МАНУ); „Поимник на книжевната теорија” (МАНУ). Има објавено научни статии во неколку меѓународни научни списанија: Primerijalna književnost (Словенија), Balkanistica (САД), Studi Slavistici (Италија), Studia Balkanistica Bohemo-Slovaca (Чешка), FOLIA LINGUISTICA ET LITTERARIA (Црна Гора), Контекст и Спектар (Македонија). Добитник е на неколку книжевни награди: „Нова Македонија“ (2009), „Браќа Миладиновци“ на СВП (2010); „Димитар Митрев“ на ДПМ (2013); признание „Витез на македонскиот пишан збор“ (2014); „Антев златник” (2020), како и награда „Лирата на Орфеј” (2020). Неговата поезија е објавена на дваесетина јазици.

**Давид Стојаноски - уредник**

Роден е во Прилеп, 2001 година. Основно и средно образование завршил во родниот град. Дипломирал на Катедра за општа и компаративна книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје (2024 година).

За високиот просек со кој дипломира (9.98) добитник е на наградата 26. *јули* која британската фондација „Франк Менинг“ ја доделува на најдобрите студенти од Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје.

За време на студиите работел како уредник на студентски списанија, привремен соработник во факултетската библиотека при Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје. Бил соработник во МАНУ во процесот на архивирање на материјалите за поетот и академик Радован Павловски.

Учествувал на серија факултетски работилници посветени на академско и креативно пишување.

**Наташа Атанасова - уредник**

Дипломиран професор по Општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Студиите ги завршува во 2009 година како првенец на генерацијата со просек 9,72.

Работното искуство го почнува во 2010 година во маркетинг-агенцијата „Award маркетинг“, со што почнува и нејзиното 15-годишно искуство во областа на маркетингот, со потесно поле на фокус: копирајтинг и креирање содржина за дигитални медиуми.

Нејзината кариера во маркетингот тече паралелно со кариерата како новинарка и уредничка. Најпрвин, во списанието за трговија Insore, а потоа и во InHoreca (првото како месечно списание, а второто како тримесечно) кои ќе ги уредува повеќе од 6 години.

Потоа, новинарската кариера ќе ја продолжи во областа на културата, како новинарка во тогаш новиот веб-портал „Анторис“. По завршувањето на овој ангажман ќе реши да отвори своја веб-страница. Блен.мк во медиумскиот простор се појавува во 2021 година и досега веќе четири години таа самостојно ги креира и уредува сите содржини кои се појавуваат на него. За неколку години таа прави интервјуа со повеќе од 70 писатели, уредници, преведувачи и други чинители на нашата книжевна сцена, како и од регионот и од Европа, пишува повеќе од 30 книжевни критики за дела од современата книжевност и ја осмислува рубриката „Книжевен гоБЛЕН“, во рамки на која се објавени 24 колумни од различни автори, кои опфаќаат различни теми поврзани со книжевноста и културата.

Благодарение на ангажманот на полето на книжевно-издавачката сцена кај нас, во 2020 година ја прифаќа позицијата на секретар и лице за односи со јавноста на Македонската асоцијација на издавачи (МАИ). За овие неколку години во асоцијацијата, таа успева да го издигне реномето на Наградите на МАИ за постигнувања во областа на издаваштвото во периодот меѓу два саема на книга, кои оваа година ќе ги организира по шести пат. Ја води Фелоушип-програмата на МАИ за време на Саемот на книгата, а и организацијата на националното претставување на Меѓународниот Саем на книгата во Франкфурт.